**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**

**Одделение за внатрешна ревизија**

---

**Бр_________**

**Демир Хисар, _________2020 година**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ВНАТРЕШНИОТ РЕВИЗОР

## ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА УСПЕШНОСТ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА ЗА 2019 ГОДИНА ВО ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР И ЈКП „КОМУНАЛЕЦ“ ДЕМИР ХИСАР

Демир Хисар, јуни 2020 година

# Содржина

1.Резиме на резултатите.....2
2.Детален извештај .....5
- Основни податоци.....5
- опфат и методологија.....6
- Ревизорски наоди и препораки.....7
-Забелешка на ревизијата .....10
-Заклучок .....11
3.Прилози.....12
4.Акционен план.....16

## РЕЗИМЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ

Нашата ревизија претставува активност согласно членовите 40 и 42 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола која е планирана и спроведена во рамките на Годишниот план за ревизија на Одделението за внатрешна ревизија во општина Демир Хисар за 2020 година.

Ова известување претставува наше мислење по извршена ревизија на успешност која се однесува на ефектите од извршувањето на Годишната програма за вршење на работите на одржување на јавната чистота во градот Демир Хисар. Со ревизијата се насочивме првенствено кон активностите спроведени од јавното комунално претпријатие ,,Комуналец’’ Демир Хисар на кое согласно членот 3 од Одлуката за одржување на јавна чистота во општина Демир Хисар му е доверено одржувањето на јавната чистота. Потребните средства за финансирање на работите предвидени во програмата се обезбедуваат од надоместокот за јавна чистота кој го плаќаат граѓаните -корисници на услуги: домаќинства и правни лица на општината Демир Хисар.

### *1.Цели на ревизијата*

Ревизијата на успешност е спроведена со цел да даде придонес, оценка на откриените ризици и можности за подобрување на реализацијата на Програмата, односно кон остварување на целите на општината преку реализација на осмислени мерки да се поттикне подобрување на јавната чистота. Исто така ревизијата има за цел да ги насочи надлежните субјекти кон понатамошно преземање на активности во областа што е предмет на ревизија.

Целите на ревизијата на успешност за реализација на програмата за јавна чистота се да му овозможат на ревизорот да го изрази мислењето:

-за успешноста на извршувањето на програмата, односно дали извршените работи за јавната чистота се вршат според годишната програма,

- да даде оценка за примената на законската и подзаконската регулатива во областа на јавната чистота, односно дали постојат интерни акти одлуки за јавната чистота согласно законската регулатива,

-дали собраните средства од надоместокот за одржување на јавната чистота содржани во сметките од ЈКП доставени до корисниците на комунални услуги ( физички и правни лица) се целосно уплатени на соодветна приходна сметка на општината,

-дали се врши контрола на спроведувањето на Програмата за одржување на јавната чистота,

-дали плаќањето на фактурите се врши согласно извршените работи за јавна чистота.

Состојбите кои се прикажани во овој извештај се резултат на применетите постапки на ревизијата со цел постигнување на објективна и реална оценка на тековните состојби како и креирање на јасни и реални препораки кои надлежните лица во областа на кои се наменети треба да ги спроведат.

## *2. Наоди и препораки*

**Наод 1:** Од увидот во документацијата во ЈКП „Комуналец“ е констатирана вкупната сума која ЈКП ја фактурира како надоместок за јавна чистота преку сметките за корисниците. Во 2019 година биле фактурирани вкупно 940.280,00 ден. за надоместокот за јавна чистота и тоа е евидентирано како обврска за локална самоуправа.

Согласно членот 25 од Законот за јавна чистота кој вели дека средствата собрани од надоместокот за одржување на јавната чистота се приход на општината и се користат за финансирање на работите од јавната чистота, ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар во 2019 година извршило 11 (единаесет) уплати на надоместокот за јавна чистота на сметката на општината во вкупна сума од 540.000,00 денари.

Според пресметката што ни ја достави ЈКП од нивната евиденција вкупно наплатените средства за јавна чистота во 2019 година изнесуваат 633.250,00 денари.

**Препорака 1**: Средствата собрани од надоместокот за одржување на јавната чистота содржани во сметките на ЈКП „ Комуналец“ да се уплатуваат редовно месечно во целиот износ на соодветната приходна сметка на општината.

**Препорака 2:** ЈКП да изготвува месечни извештаи кои ќе ги доставува до одделението за финансиски прашања во општината Демир Хисар за вкупно фактурирани и вкупно собраните средства по основ на надоместокот за јавна чистота редовно секој месец со состојба за претходниот месец.

**Наод 2:** Контролата на одржувањето на јавната чистота согласно со Одлуката за одржување на јавната чистота во Општина Демир Хисар (донесена од Советот на Општина Демир Хисар на седница одржана на ден 28.11.2008 година) ја вршат комунални редари.

Согласно член 26 од Законот за јавна чистота:„При вршење на инспекцискиот надзор општинскиот комунален инспектор проверува дали редовно се одржува јавната чистота на јавните површини од ЈП на кое му се доверени работите на одржувањето на јавната чистота.

Во текот на 2019 година во општината Демир Хисар немаше вработено лице на работното место комунален инспектор па затоа општинскиот комунален редар ја вршел контрола на извршувањето на Програмата за одржување на јавната чистота.

**Препорака 3:** Општината при изготвувањето на Годишната програма за одржување на јавната чистота за наредната година конкретно да ги утврди одговорните лица и начинот на кој тие ќе го контролираат извршувањето на работите од јавна чистота.

**Препорака 4:** Плаќањето на фактурите да се врши по извршена контрола и потпис од страна на одговорното лице од општината на добиената спецификација од ЈКП по обемот и цените на сработените активности од јавната чистота според Годишната програма за јавна чистота.

### *3. Заклучок*

Целокупниот опфат и докази кои ги обезбедивме ни дадоа основа да го донесеме следниот заклучок:

Одржувањето на јавната чистота е дејност од јавен интерес од локално значење. Програмата за вршење на работите на одржување на јавна чистота во градот Демир Хисар во 2019 година е успешно реализирана односно процентот на реализација изнесува 94,65%.

Со извршената ревизија утврдени се одредени наоди кои укажуваат на слабости во интерните контроли при евиденцијата на собраните средства по основ на јавната чистота и висината на уплатениот надоместок кој е приход на општината. Општината и ЈКП ,,Комуналец" Демир Хисар треба да преземат мерки за надминување на слабостите во евиденцијата, контролите и уплатата на надоместокот за јавна чистота во општинската сметка и контролата при плаќањето на фактурите според извршените работи од Програмата и да се воспостави постојана контрола и надзор на извршувањето на работите од јавната чистота согласно законската регулатива.

# ДЕТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ

## 1. Основни податоци

### 1.1.Основни информации

Годишната Програма за вршење на работите на одржување на јавната чистота во градот Демир Хисар е донесена од советот на општина Демир Хисар на 20-та седница одржана на 21.12.2018 година. Одржувањето на јавната чистота е дејност од јавен интерес од локално значење и претставува континуиран процес кој обезбедува трајно и квалитетно чистење на јавни површини, на отворените простории на јавните објекти и на дворните површини на колективните и индивидуалните објекти за домување, заради обезбедување на здрава и чиста животна средина. Со оваа програма се утврдуваат работите за одржување на јавна чистота на подрачјето на Општина Демир Хисар за 2019 година, и тоа во видот и обемот на работите што треба да се извршат и активностите што треба да се преземат, динамиката и начинот на вршење на работите и начинот на нивно финансирање.

***Програмата за јавна чистота на Општина Демир Хисар за 2019 година ги опфаќа следните услуги:***

А.Чистење на јавните собраќајни површини
Б.Миење на улици- не се спроведува
В.Чистење на снег по тротоари и чистење на снег на јавни површини
Г.Одржување на хигиена на планските регулациони одводни отворени канали
Д.Собирање и однесување на угинати животни до одредени депонии
Ѓ.Поставување и сметнување на знамиња за државни празници
Е.Поставување на светлечки украси во градот пред новогодишните празници
Ж.Одржување на јавно зеленило
З.Поставување на соодветни садови за фрлање на отпадоци на јавни површини и на отворени простории пред јавните објекти

### 1.2.Основни податоци за програмата за јавна чистота

Раководни и одговорни лица во периодот на реализацијата на програмата за јавна чистота се:

-Марјанче Стојановски, градоначалник на општина Демир Хисар.

-Ацко Трајковски, директор на ЈКП,,Комуналец'' Демир Хисар

**1.3.Цели на ревизијата**

Ревизијата на успешност е спроведена со цел да даде придонес, оценка на откриените ризици и можности за подобрување на реализацијата на Програмата, односно кон остварување на целите на општината преку реализација на осмислени мерки да се поттикне подобрување на јавната чистота. Исто така ревизијата има за цел да ги насочи надлежните субјекти кон понатамошно преземање на активности во областа предмет на ревизија.

Целите на ревизијата на успешност за реализација на програмата за јавна чистота се да му овозможат на ревизорот да го изрази мислењето:

-за успешноста на извршувањето на програмата, односно дали извршените работи за јавната чистота се вршат според годишната програма,

- да даде оценка за примената на законската и подзаконската регулатива во областа на јавната чистота, односно дали постојат интерни акти одлуки за јавната чистота согласно законската регулатива,

-дали наплатените средства од надоместокот за одржување на јавната чистота содржани во сметките од ЈКП доставени до корисниците на комунални услуги ( физички и правни лица) се целосно уплатени на соодветна приходна сметка на општината,

-дали се врши контрола на спроведувањето на Програмата за одржување на јавната чистота,

-дали плаќањето на фактурите се врши согласно извршените работи за јавна чистота.

2. **Опфат и методологија**

Ревизијата е извршена согласно со прифатените професионални стандарди кои се засновани на меѓународните стандарди за внатрешна ревизија. Ревизијата опфаќа преглед на извештајот за извршените работи на одржување на јавната чистота, разгледување на сметководствената евиденцијата и финансискиот извештај на ЈКП ,,Комуналец'' за приходите од јавна чистота, фактурите и други документи докази со кои ќе се потврди кои услуги се извршени согласно програмата за вршење на работите за одржување на јавната чистота за 2019 година на општина Демир Хисар.

Ревизијата вклучува преглед и анализа на документација, извршени разговори со вработените, изразување мислење за годишниот извештај за извршените работи на одржување на јавната чистота, испитување на докази, како и давање општа оценка за презентираните приходи од

јавна чистота во финансиските извештаи заради што веруваме дека извршената ревизија ни дава разумна основа за изнесеното мислење.

**2.1.Опфат**

Предмет на ревизијата на успешност претставува реализацијата на програмата за јавна чистота за 2019 година во општина Демир Хисар. Заради извршување на оваа ревизија опфатот го одредуваме на вкупно предвидените 954.000,00 денари по Програмата и вкупно реализираните работи од 902.974,00 денари во извештајот за извршените работи на одржување на јавната чистота изготвен од ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар.

Не е вршена ревизија за реализацијата на програмата за јавна чистота на општина Демир Хисар за годините кои ѝ претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

Ревизијата на успешност на Годишната програма за јавна чистота се изврши во периодот од 01.03.-15.05.2020 година од Одделението за внатрешна ревизија при општина Демир Хисар.

**2.2.Методологија**

Ревизијата е извршена земајќи ги во предвид презентираните документи од страна на ЈКП ,,Комуналец"Демир Хисар, Одделението за инспекторат и Одделението за финансиски прашања при општина Демир Хисар. Одговорноста на менаџментот во ревидираниот субјект е работењето да го врши во согласност со законите и подзаконските интерни акти што се во сила. На овој начин бевме во можност да ги откриеме причините за утврдените наоди и дадеме одговор на поставените ревизорски цели како давање релевантни препораки.

## 3. Ревизорски наоди и препораки

По спроведената ревизија утврдени се следните состојби:

-Утврдено е постоење на Одлука за јавна чистота донесена од Советот на општина Демир Хисар бр.07-1061/1 од 28.11.2008 година согласно член 10 од Законот за јавна чистота.

-Согласно законот за јавна чистота (член 24) Одлуката за утврдување на надоместок за одржување на јавна чистота во градот Демир Хисар (28.11.2008 г) е донесена од страна на Советот на општината и според истата ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар ја врши наплатата на надоместокот преку сметките за комунални услуги.

-Врз основа на член 12 од Законот за јавна чистота (сл.Весник на Рм бр 111/08г) Советот на општината Демир Хисар на седница одржана на 21.12.2018 година ја има донесено Годишната програма за вршење на работите за одржување на јавната чистота во градот Демир Хисар во 2019 година (бр.17-1211/15 од 21.12.2018 година).

-Одржувањето на јавната чистота во општина Демир Хисар го врши ЈКП „Комуналец" според активностите предвидени во годишната програма за јавна чистота и истото изготвува извештај за реализираните работи.

-Годишниот извештај за извршените работи на одржување на јавна чистота според програмата за 2019 година во општината Демир Хисар е усвоен со одлука на управниот одбор на ЈКП „Комуналец" на 30.01.2020 година.Овој извештај е потоа усвоен од Советот на општина Демир Хисар на седница одржана на 26.02.2020 година.

-Програмата за јавна чистота за 2019 година е реализирана во износ од 902.974 денари од планирани 954.000 денари изразена во проценти 94.65%.

-Наплатата на надоместокот за одржување на јавната чистота ја врши ЈКП „Комуналец" Демир Хисар преку доставување на сметка за комунални услуги и се прикажува одвоено од сметката.

-Средствата собрани од надоместокот за одржување на јавната чистота (член 25 од Законот за јавна чистота ) се приход на општината и се користат за финансирање на работите на јавна чистота.

-Собраниот надоместок за јавна чистота кој ЈКП „Комуналец" Демир Хисар го уплатил на општинска сметка за 2019 година е во износ од 540.000,00 денари. Како извори за финансирање во Годишната програма за 2019 година се предвидени 954.000,00 денари од надоместокот за јавна чистота.

-Фактурите спрема општината Демир Хисар кои ги издава ЈКП „Комуналец"се изготвени според спецификација за извршена работа за одржување на јавна чистота во градот Демир Хисар и се во согласност со Програмата за јавна чистота за 2019 година.

-Во 2019 година фактурите за наплата се навремено доставени до општината за извршените работи за јавна чистота од страна на ЈКП „Комуналец“ и се во вкупен износ од 903.154,00 денари.

-Според завршната сметка за 2019 година ЈКП има остварено приходи од јавна чистота во износ од 860.145 денари без ддв, или 903.154,00 ден. со ддв. Овој приход е од наплатени фактури за извршените работи за јавна чистота.

-Од завршната сметка на општината за 2019 година буџетска сметка програма Ј40- Јавна чистота внесена е сумата 954.000,00 ден. планирани средства според годишната програма за јавна чистота, а реализирани се 867.348,00 ден. што претставува сума на евидентирани платени фактури на ЈКП за извршените работи од јавна чистота ( оваа сума содржи и една фактура од 2018 година) кои општината ги евидентира и исплаќа од контото 421190-Други комунални такси и услуги. Општината исплатила вкупно 903.154,00 ден. за добиени фактури од ЈКП за јавна чистота според Програмата за јавна чистота за 2019 година.

-Заедно со фактурите за 2019 година кои ЈКП ги доставувало за наплата до општината се доставувани и интерни документи (спецификација и работни налози потпишани и контролирани од одговорно лице од општината – комуналниот редар).

**Наод 1:** Од увидот во документацијата во ЈКП „Комуналец“ е констатирана вкупната сума која ЈКП ја фактурира како надоместок за јавна чистота преку сметките за корисниците. Во 2019 година биле фактурирани вкупно 940.280,00 ден. за надоместокот за јавна чистота и тоа е евидентирано како обврска за локална самоуправа.

Согласно членот 25 од Законот за јавна чистота кој вели дека средствата собрани од надоместокот за одржување на јавната чистота се приход на општината и се користат за финансирање на работите од јавната чистота, ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар во 2019 година извршило 11 (единаесет) уплати на надоместокот за јавна чистота на сметката на општината во вкупна сума од 540.000,00 денари.

Според пресметката што ни ја достави ЈКП од нивната евиденција вкупно наплатените средства за јавна чистота во 2019 година изнесуваат 633.250,00 денари.

**Препорака 1**: Средствата собрани од надоместокот за одржување на јавната чистота содржани во сметките на ЈКП „ Комуналец" да се уплатуваат редовно месечно во целиот износ на соодветната приходна сметка на општината.

**Препорака 2:** ЈКП да изготвува месечни извештаи кои ќе ги доставува до одделението за финансиски прашања во општината Демир Хисар за вкупно фактурирани и вкупно собраните средства по основ на надоместокот за јавна чистота редовно секој месец со состојба за претходниот месец.

**Наод 2:** Контролата на одржувањето на јавната чистота согласно со Одлуката за одржување на јавната чистота во Општина Демир Хисар (донесена од Советот на Општина Демир Хисар на седница одржана на ден 28.11.2008 година) ја вршат комунални редари.

Согласно член 26 од Законот за јавна чистота:„При вршење на инспекцискиот надзор општинскиот комунален инспектор проверува дали редовно се одржува јавната чистота на јавните површини од ЈП на кое му се доверени работите на одржувањето на јавната чистота.

Во текот на 2019 година во општината Демир Хисар немаше вработено лице на работното место комунален инспектор па затоа општинскиот комунален редар ја вршел контрола на извршувањето на Програмата за одржување на јавната чистота.

**Препорака 3:** Општината при изготвувањето на Годишната програма за одржување на јавната чистота за наредната година конкретно да ги утврди одговорните лица и начинот на кој тие ќе го контролираат извршувањето на работите од јавна чистота.

**Препорака 4:** Плаќањето на фактурите да се врши по извршена контрола и потпис од страна на одговорното лице од општината на добиената спецификација од ЈКП по обемот и цените на сработените активности од јавната чистота според Годишната програма за јавна чистота.

## 4. Забелешка на ревизијата

Претходниот извештај заедно со Акцискиот план за спроведување на дадените препораки беа доставени до ревидираните субјекти на разгледување и во рок од десет работни дена се изготви конечниот ревизорски извештај.

## 5. Заклучок

Целокупниот опфат и докази кои ги обезбедивме ни дадоа основа да го донесеме следниот заклучок:

Одржувањето на јавната чистота е дејност од јавен интерес од локално значење. Програмата за вршење на работите на одржување на јавна чистота во градот Демир Хисар во 2019 година е успешно реализирана односно процентот на реализација изнесува 94,65%.

Со извршената ревизија утврдени се одредени наоди кои укажуваат на слабости во интерните контроли при евиденцијата на собраните средства по основ на јавната чистота и висината на уплатениот надоместок кој е приход на општината. Општината и ЈКП ,,Комуналец'' Демир Хисар треба да преземат мерки за надминување на слабостите во евиденцијата, контролите и уплатата на надоместокот за јавна чистота во општинската сметка и контролата при плаќањето на фактурите според извршените работи од Програмата и да се воспостави постојана контрола и надзор на извршувањето на работите од јавната чистота согласно законската регулатива.

**Внатрешен ревизор на обука** — **Раководител на одд. за Внатрешна ревизија**

**Катерина Бошевска** — **Валентина Павловска**

Доставено до :

-Марјанче Стојановски, градоначалник на Општина Демир Хисар

-Ацко Трајковски, директор на ЈКП,,Комуналец'' Демир Хисар

-Сузана Цуцулоска, раководител на одделение инспекторат во општина Демир Хисар.

-Влатко Станковски, раководител на одделение за финансиски прашања во општина Демир Хисар.